

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА КУМАНОВО

# ВИКТОРИЈА ЦИМРЕВСКА

ГРАФИКИ





## ВИКТОРИЈА ЏИМРЕВСКА

Родена 1974, во Куманово.
Адреса: ул. "Ацо Борозански" бр.3, Куманово
Тел. 0901 /26-150
Дипломирала на ФЛУ во Скопје 1997 во класата на Проф. Костадин Танчев, отсек графика.
Член на ДЛУМ од 1999. Учесник на повеќе групни изложби во Македонија и надвор од Македонија
- Биенале на графика Сент Николас, Белгија, 1998
- Ex Libris, Ријека1998
- Октомвриски Салон, Ковин, 1998
- Мала графика, Графички колектив, Белград, 1999
- Графичка мапа, ФЛУ Скопје, 1999
- Графичко биенале на сува игла, Ужице, 1999
- Биенале, Графика на мал формат, Лесковац 1999
- СИАБ, 200
- Студентско Триенале, Истамбул 2000

Колонии:
- Валандово,1998
- Делиблатски песок, Панчево,1998
- Матејче 1999, Куманово

МЕЃУНАРОДНИ НАГРАДИ:
Награда за мала графика, Лесковац 1999

РЕПУБЛИЧКИ НАГРАДИ:
Награда "Мијачки зографи" на 47 годишна изложба на ДЛУМ



## VIKTORIJA DZIMREVSKA

Born 1974 in Kumanovo.
Address: "Aco Borozanski" 3, Kumanovo
Tel. 0901 /26-150
Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje at the group of prof. Kostadin Tancev, department graphic. Member of DLUM(society of artists in Macedonia)
Partcipient of many groap exibitions in Macedonia and abroad
- Biennal of graphic arts Sent Niklas, Belguim,1998
- Ex libris, Rijeka, 1998
- Graphic map, Skopje, 1998
- October Salan, Kovin, 1998
- Graphic collective, Belgrad, 1999
- International biennal of small format print,1999
- Graphic art biennal, dry point Uzice, 1999
- SIAB, 2000
- Student triennal, Istambul, 2000

INTERNATIONAL AWARDS
- Award on the exibitionof small format print in Leskovac,1999

REPUBLIC AWARDS
- Award "Mijacki zografi" on the 47th yearly exibibition of DLUM,200

Art colonies
- Valandovo, 1998
- Deliblatski Pesak, 1998
- Matejce, 1999

## ВИКТОРИЈА ЗА ЛИКОВНА ДОБЛЕСТ

Емоциите се голема основа на човековиот живот. Тие ја носат личноста кон објектот на желбата, ја одржуваат во жива расположба, ги разбудуваат нејзините сили и управуваат со реакциите. Во таа смисла, емоциите се силен инспиратор, иако понекогаш лош водител. Но, тие се незаменлив творец на енергија за уметничките амбиции и постапки. Без емоции нема достатно сила за уметничко живеење, тие го поттикнуваат, крепат и го оправдуваат уметничкото дејствување.

Значењето на емоциите за вредноста на уметноста може да се согледа само кога творецот е вешт. Артизмот без емоции е празен, кај невештите емоциите будат дречлив крик. Кога ќе се здружат благородните, силни, убави емоции со добрата вештина, делото станува уметничко со оправдување, со општа прифатливост и признателност.

Такви творби се серијата графики изработени од младата и талентирана артистка Викторија Џимревска за време на двегодишните постдипломски студии на Факултетот за ликовни уметности под менторско водство на професорот Костадин Танчев - Динка. Тие се бележит пример за новите тенденции во графичките тенденции кај младите кај нас. Од нејзините творби проговараат чистотата на чувствата, верната во уметноста, силата на уметничкиот повик и моќта на артистичкото умеење, благородноста на еден изворен уметник.

Овие одлични графики се полни со сензибилитет, со нијансираност на пораката, со суптилна колористика, со јасма експресија, тие се резултат на употребата на сито печатот со силна рака и внимателно око. Тие на гледачот му понудуваат увид во едно искрено младо срце и храбар творец, кој својата посветеност да направи уметничко дело го издигнува до нивото на морален императив и животно начело.

Дури некои од овие графики со својата ограничена големина не можат да ги изразат широчините на замислите, длабочините на емоциите и величието на намерите на нивниот творец. Тогаш уметничкото дело се раширува и вон од својот материјален обем и станува изблик на недофатливите човечки и артистички емоции, кои, всушност, ја рашириле славата на уметноста и од неа направиле толку значајна основа на вистинската човечка егзистенција, кога внатрешното и надворешното, хуманото и објективното, духовното и материјалното се стопуваат во една мелодија и пеат возвишена песна за радоста на животот.

Викторија Џимревска оствари таков резултат на оваа своја мајсторска изложба, во чии дела нејзината преданост кон уметноста и учењето и занес кон творењето се преплетуваат со импулсите на нејзината младост и со фините трепети на една блага душа полна со чисти емоции.

хуманото и објективното, духовното и материјалното се стопуваат во една мелодија и пеат возвишена песна за радоста на животот.

Викторија Џимревска оствари таков резултат на оваа своја мајсторска изложба, во чии дела нејзината преданост кон уметноста и учењето и занес кон творењето се преплетуваат со импулсите на нејзината младост и со фините трепети на една блага душа полна со чисти емоции.

Проф. д-р Кирил Темков

## VIKTORIJA FOR THE VIRTUE OF ART

The emotions present a large basis of human life. They carry the person towards the object of desire, making it alive, wake up its strengths and guide its reactions. In that respect, the emotions are very inspiring although sometimes they can lead you astray. But they are indispensable creators of energy for the art ambitions and deeds. There is not enough strength in art life without emotions: they initiate, improve and justify art dealings.

Only if the artist is skillful enough he may know the meaning of emotions for the value in art. Art without emotions is hollow: the emotions bring only noisy howl at those unskillful. When the noble, strong, beautiful emotions join good skill the work of art becomes justifiably art being generally accepted and recognized.

Such art is the graphic serial made by the young and talented artist Viktorija Dzimrevska during her post-graduate studies on the Faculty of Art under mentor guidance of professor Kostadin Tancev - Dinka. They are a remarkable example of the new graphic tendencies of the young people here. The purity of emotions, the trust in art, the power of artistic call and the strength of artistic skill along with the gratitude of a born artist communicate in this work of art.

This excellent graphics are full with sensibility, subtlety of the message and the color with clear expression - a result of the use of sito printing with strong arm and careful eye. They show the viewer insight into a piece of honest young heart and brave creator that brings her determination to make the work of art to the level of moral imperative and life principle.

Some graphics being disabled by the small size can not express the scope of ideas, the depth of emotions and the greatness of the creator's intentions. That way the work of art spreads beyond its material scope and becomes the upsurge of the unreachable human and artistic emotions. They actually spread over the glory of art and made it such an important base for true human existence when the inner and the outer, the human and the objective, the spiritual and the material are melted in one melody and sing the noble song about the joy of living.

Viktorija Dzimrevska has made such a result on this master exhibition where her determination towards art and learning and the passion for creation are mixed with the impulses of her youth and with the fine murmurs of a soft soul full with pure emotions.

Prof. d-r Kiril Temkov



ИЗГРЕЈСОНЦЕ
Сериграфија, 100x70



BLEADING
Серигрaфија, 100x70



WINDOWS
Серигрaфија, 95x65



WINDOWS I
Сериграфија, 95x65



WINDOW
Сериграфија, 70x50



EXPRESSION
Сериграфија, 100x70



ВЕТЕР
Серигрaфија, 100x70



ЖИВОТ
Сериграфија, 100x70


Издавач:
Уметничка галерија
Народен Музеј - Куманово
За издавачот:
ЈОВИЦА СТАНКОВСКИ
Организатори на изложбата:
Перо Величковски
и Јасмина Закоска
Предговор:
Проф. д-р Кирил Темков
Превод на англиски:
Проф. Лубиша Петрушевски
Фотографии:
Марјан Јаневски
Печати: ДГУП "Софија", Богданци

Publisher:
Art Galery
National Muziem - Kumanovo
Editor:
JOVICA STANKOVSKI
Organization of the exibition:
Pero Velichkovski
& Jasmina Zakoska
Preface:
Prof. d-r Kiril Temkov
Translation in english:
Prof. Lubisa Petrusevski
Photographs:
Marjan Janevski
Print: DGUP "Sofija", Bogdanci

Генерален спонзор: ЦАРИНСКА УПРАВА, Скопје     Останати спонзори: ДИЕР, Куманово     ФЕРШПЕД, Скопје

